Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-336/2
15-04-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-336/1 од 26.03.2024 година, поднесена од [redacted] во Скопје, против лицето [redacted], член на Президиумот на политичка партија [redacted] во Град Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 24.10.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-336/1 од 26.03.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против лицето [redacted] член на Президиумот на политичка партија [redacted] во Град Скопје, **поради немање активна легитимација за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted] од Скопје против лицето [redacted], член на Президиумот на политичка партија [redacted] во Град Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook.

Имено во претставката се наведува дека пријавеното лице [redacted] на 05.02.2024 година на неговиот профил на социјалната мрежа Facebook објавил објава со следната содржина: "Постојано слушаме, читаме и гледаме како медиумски се бомбардира милјето на запад со наслови како "Хутите поддржани од Иран", "Хезболах потпомогнати од Иран", "Ирачки шиитски милиции рака на Иран", "иранска продолжена рака Хамас". Но никаде не може да се види на пример:"украински наци-фашизоиди поддржани од НАТО"...!" Оваа објава според подносителот имала 47 реакции,а со истата пријавениот ширел омраза, раздор, нетрпеливост со што сторил директна дискриминација и вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност конкретно кон украинскиот народ кој живеел во Република

Сверна Македонија нарекувајќи ги нацисти и фашисти, а со самото тоа и НАТО дотолку повеќе што и Република Северна Македонија е членка на НАТО

Врз основа на изнесените наводи во предметната претставка се утврди дека подносителот на претставката, [redacted] од Скопје, во конкретниот случај нема активна легитимација за поднесување на претставката што е услов утврден со член 23 став (3) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова со оглед на целите на Здружението кои се видни од приложената тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
15.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД